Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
## од Седумдесет и осмата (тематска) седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 5 септември 2022 година

Скопје, септември 2022 година

**З А П И С Н И К**
**од Седумдесет и осмата (тематска) седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 5 септември 2022 година**

Седницата започна во 11:20 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, д-р Димитар Ковачевски.

На седницата присуствуваа д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, членовите на Владата д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Славјанка Петровска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, м-р Беким Сали, министер за здравство, доц. д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, м-р Адмирим Алити, министер за информатичко општество и администрација и д-р Џемаил Чупи, министер без ресор, задолжен за дијаспора, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Методија Димовски.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и д-р Агим Нухиу, заменик на министерот за правда и м-р Даим Лучи, заменик на министерот за култура.

На седницата присуствуваа и Дејвид Гир, амбасадор на Европската Унија во Република Северна Македонија, Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, Душко Арсовски, портпарол на Владата на Република Северна Македонија, Дрита Абдиу-Халили, државен секретар во Секретаријатот за европски прашања и Драган Тилев, државен советник во Секретаријатот за европски прашања.

Од седницата отсуствуваа членовите на Владата д-р Никола Тупанчески, министер за правда, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа и доц. д-р Бисера Костадиновска-Стојчевска, министер за култура.

*

*         *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Информација со Предлог за ревизија на координативниот механизам на Република Северна Македонија за пристапни преговори со Европската Унија, со Предлог-одлука

2. Кадровски прашања

3. Прашања и предлози

*

*  *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

На седницата на Владата на која се разгледуваше Информацијата со Предлог за ревизија на координативниот механизам на Република Северна Македонија за пристапни преговори со Европската Унија, со Предлог-одлука, присуствуваа Дејвид Гир, амбасадор на Европската Унија во Република Северна Македонија и претставници на Делегација на Европската Унија во Република Северна Македонија.

Претседателот на Владата на Република Северна Македонија, д-р Димитар Ковачевски на претставниците на Делегацијата на Европската Унија во Република Северна Македонија им посака добредојде и истовремено се заблагодари на Драган Тилев, државен советник во Секретаријатот за европски прашања за неговиот ангажман за унапредување на ЕУ интеграциите на Република Северна Македонија.

Во своето обраќање, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, м-р Бојан Маричиќ се заблагодари на сите институции кои учествувале во процесот на запознавање и со новата структура за преговори за пристапување на Република Северна Македонија во Европска Унија, а особено на Министерството за надворешни работи, Министерството за финансии и Секретаријатот за законодавство за соработката и накратко ја објасни Информацијата со Предлог за ревизија на координативниот механизам на Република Северна Македонија за пристапни преговори со Европската Унија. Во Информацијата се дава генеза за постојниот механизам за координација на преговорите, како и осврт на отворени прашања поврзани со функционирањето на механизмот за координација на преговорите и предлози за можни решенија.

Истовремено, тој истакна дека е потребно активирање на Работниот комитет за европска интеграција и сите работни групи и координација на подготовката на квалитетни преговарачки позиции. Исто така, укажа на потребата од вклучување на претставници на граѓанскиот сектор, бизнис заедницата, академската заедница и локалната самоуправа да учествуваат во работите по кластери и поглавја. Истовремено, тој истакна дека се работи на ангажирање на лица надвор од институциите како и меѓународни експерти како помош во процесот (главниот преговарач на Република Хрватска, Владимир Дробњак, кој ги водел преговорите на Република Хрватска во Европска Унија и претседателот на Европското движење на Црна Гора, кој е експерт за граѓански организации).

Во своето обраќање Дејвид Гир амбасадор на Европската Унија во Република Северна Македонија, истакна дека отворањето на преговорите се многу важен момент не само за Република Северна Македонија, туку и за Европската Унија. Процесот на скрининг и

преговорите ќе бидат комплексни и ќе налагаат многу ангажман од Владата и партнерство со граѓанскиот сектор, бизнисот, граѓаните и партнерството преку политичка поделеност. Од Европската Унија и земјите членки ќе има поддршка во текот на целиот процес и соработка за постигнување на заедничката цел.

Во своето обраќање д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, се заблагодари за напорната работа за да се направи структурата и укажа на потребата за вклучување на сите министерства и администрацијата во овој процес.

*

*  *

Владата ја разгледа Информацијата со Предлог за ревизија на координативниот механизам на Република Северна Македонија за пристапни преговори со Европската Унија, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и притоа заклучи:

1. Ја донесе Одлуката за воспоставување на структура за преговори за пристапување на Република Северна Македонија во Европската Унија.

2. Го прифати Предлогот за ревизија на координативниот механизам за преговори за пристапување на Република Северна Македонија во Европската Унија, според Методологијата за преговори на Европската комисија, прифатена од Советот на Европската Унија во март 2020 година.

3. Го назначи заменикот на претседателот на Владата Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, м-р Бојан Маричиќ, за главен преговарач со Европската Унија за членство на Република Северна Македонија во Европската Унија.

4. Го назначи државниот секретар во Секретаријатот за европски прашања, Дрита Абдиу-Халили, за заменик на главниот преговарач.

5. Го назначи министерот за надворешни работи д-р Бујар Османи за шеф на Државната делегација.

6. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања, во соработка со Министерството за надворешни работи да ги реализираат заклучоците бр. 3 (план за зајакнување на Мисијата при Европската Унија) и бр.4 (мапирање на сите државни институции, граѓанскиот сектор и академската заедница), усвоени на 87-та седницата на Владата од 31.7.2018 година, најдоцна до 25.10.2022 година и за истото да ја информираат Владата како соодветна претточка во делот „Пред преминување на Дневен ред“, најдоцна до 1.11.2022 година.

7. Се задолжува заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, м-р Бојан Маричиќ, во рок од 20 дена да предложи состав на Групата за преговори, вклучувајќи „главен економист“, во координација со заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, министерот за финансии и министерот за економија, „главен правник“ во соработка со првиот заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците и министерот за правда и „главен антикорупционер“ во соработка со заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за политики за добро владеење и да го достави до Владата, најдоцна до крајот на септември 2022 година.

8. Се задолжува заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања, м-р Бојан Маричиќ, да свика конститутивна седница на Работниот комитет за европска интеграција, најдоцна до 10 октомври 2022 година.

9. Се задолжува заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, м-р Бојан Маричиќ, во текот на октомври 2022 година да реализира средба со Претседателот на Република Северна Македонија, со цел да го информира за ревизијата на механизмот за пристапни преговори и да усогласи став за начинот на соработка и комуникација за сите потребни елементи поврзани со пристапните преговори и за резултатите од нивниот разговор да ја информира Владата на првата наредна седница по одржаната средба.

10. Се задолжува заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, м-р Бојан Маричиќ, во текот на септември 2022 година да реализира средба со шефот на Делегацијата на Европската Унија и сите амбасадори на членките на Европската Унија, со цел да ги информира за новата структура за пристапни преговори, очекуваните резултати, како и за дефинирање на начинот на редовна соработка со Делегацијата на Европската Унија, во делот на процесот на пристапни преговори.

11. Се задолжува заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, м-р Бојан Маричиќ, во текот на октомври 2022 година да реализира средба со Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, со цел за изнаоѓање на соодветна форма за нивната улога и начинот на учеството во пристапните преговори, кој предлог да се достави до Комитетот за преговори на разгледување, а потоа и до Владата, најдоцна до 1.11.2022 година.

12. Се задолжува заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, м-р Бојан Маричиќ, да реализира средба со МАНУ со цел обновување на Меморандумот за соработка во процесот на европска интеграција и пристапните преговори, најдоцна до 15.11.2022 година и за резултатите да ја информира Владата на првата наредна седница на Владата по одржаната средба, како соодветна претточка во делот „Пред преминување на Дневен ред“.

13. Се задолжува заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, м-р Бојан Маричиќ, во соработка со министерот за образование и наука, во текот на ноември 2022 година да реализира средба со претставници на академската заедница (универзитети, факултети, институти и научно-истражувачки центри), за да се изнајде најсоодветна форма за начинот на соработка со овие институции во процесот на пристапните преговори и за истото да ја информира Владата на првата наредна седница на Владата по одржаната средба, како соодветна претточка во делот „Пред преминување на Дневен ред“.

14. Се задолжува заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, м-р Бојан Маричиќ, во соработка со Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, во текот на октомври 2022 година да реализира средба со претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, генералниот секретар на Собранието, како и претседателот на Националниот совет за евроинтеграции и претседателот на Комисијата за европски прашања, заради утврдување на најсоодветно решение за начинот на соработка со Собранието на Република Северна Македонија за пристапните преговори и транспозицијата на европското законодавство во националното

законодавство и за истото да ја информира Владата на првата наредна седница по одржаната средба, како соодветна претточка во делот „Пред преминување на Дневен ред“.

15. Се задолжува заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, м-р Бојан Маричиќ, во соработка со заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, министерот за економија и министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, да реализира средба со претставници на стопанските комори, со цел дефинирање на начинот на соработка и вклучувањето на претставници на коморите во процесот на пристапни преговори и за истото да ја информира Владата најдоцна до 1.11.2022 година, како соодветна претточка во делот „Пред преминување на Дневен ред“.

16. Се задолжува заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, м-р Бојан Маричиќ, во соработка со министерот за локална самоуправа, во текот на ноември 2022 година да реализира средба со Заедницата на единиците на локалната самоуправа, со цел утврдување на областите и можните решенија за начинот на соработка во процесот на пристапните преговори и вклучување на претставниците на локалната самоуправа во соодветните работни групи за преговори и за истото да ја информира Владата на првата наредна седница по одржаната средба, како соодветна претточка во делот „Пред преминување на Дневен ред“.

17. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања да ја подготви Националната програма за усвојување на правото на Европската Унија за периодот 2022-2030 година, усогласена со структурата на Методологијата за преговори на Европската комисија, која претходно ќе биде презентирана пред граѓанскиот сектор и да ја достави на усвојување до Владата, најдоцна до 29.12.2022 година.

18. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања да ги подготви потребните упатства за обезбедување на непречено функционирање на целиот координативен механизам за водење на пристапните преговори, најдоцна до 30.9.2022 година и за истото да го информира Комитетот за преговори.

19. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања да утврди план за подготовка на сите надлежни инволвирани институции за спроведување на втората фаза од аналитичкиот преглед (билатералниот скрининг), најдоцна до 15.10.2022 година, претходно усогласен со надлежните министри и членовите на Групата за преговори.

20. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања, во соработка со Групата за преговори да реализира подготвителни состаноци за потребните обуки со сите надлежни министерства (членови на преговарачката структура), заради практичната подготовка на билатералните скрининг сесии и да реализира симулации во текот на октомври 2022 година за кластерот Фундаментални вредности, додека за сите останати кластери согласно Планот од точка 19 од овие заклучоци.

21. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања, во соработка со Министерството за надворешни работи, најдоцна до 4.10.2022 година, да подготват соодветен акт за регулирање на комуникацијата на сите наши институции со Европската комисија и другите тела на Европската Унија, во делот на европската интеграција и пристапните преговори, кој ќе се одвива преку Секретаријатот за европски прашања и Министерството за надворешни работи (Мисијата на Република Северна Македонија при Европската Унија).

22. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања, во соработка со Министерството за надворешни работи и Министерството за информатичко општество и администрација, најдоцна до 29.9.2022 година да подготви Програма за задолжителна обука за подготовка на сите упатени стручни лица на работа во Мисијата при Европската Унија, со содржина и времетраење, која ќе ја обезбеди потребната квалитетна подготвеност на упатените на работа во Мисијата во Брисел.

23. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, во соработка со Секретаријатот за европски прашања и Секретаријатот за законодавство, да подготви Предлог-деловник за изменување и дополнување на Деловникот за работа на Владата на Република Северна Македонија, со цел да се обезбеди непречен проток на сите законски акти со кои се транспонира европското право на линија на пристапните преговори и преземени меѓународни обврски како дел од самиот процес и истиот да го достави на разгледување до Комитетот за преговори најдоцна до 14.10.2022 година, а потоа и до Владата на донесување.

24. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања, во соработка со Собранието на Република Северна Македонија да подготви Меморандум за соработка помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија со кој ќе се уреди меѓусебната соработка во процесот на преговори најдоцна до 30.10.2022 година.

25. Се задолжуваат институциите носители на области и поглавја, во рамките на Кластер 1 согласно Одлуката за воспоставување на структура за преговори за пристапување на Република Северна Македонија во Европската Унија, да достават до Секретаријатот за европски прашања номинации на лица кои во текот на септември 2022 година ќе земат учество на објаснувачките состаноци на скринингот во Брисел, најдоцна до 6.9.2022 година.

26. Се задолжуваат институциите носители на области и поглавја, во рамките на кластер 1,2,3,4,5 и 6 согласно Одлуката за воспоставување на структура за преговори за пристапување на Република Северна Македонија во Европската Унија, да достават номинации на лица кои ќе бидат во работните групи за подготовка на преговарачките позиции за преговори за пристапување на Република Северна Македонија во Европската Унија од сите институции кои имаат надлежност за соодветната област/поглавје, до Секретаријатот за европски прашања, најдоцна до 30.9.2022 година.

27. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација, во соработка со Министерството за финансии, Секретаријатот за европски прашања и Секретаријатот за законодавство да подготват предлог-решение за политика за задржување на кадар најдоцна до 30.10.2022 година и за истото да ја информираат Владата на првата наредна седница по одржаната средба, како соодветна претточка во делот „Пред преминување на Дневен ред“.

28. Се задолжува Министерството за транспорт и врски, во соработка со Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, Министерството за финансии и Секретаријатот за европски прашања да доставaт информација до Владата со можни решенија за воспоставување на директна авионска врска Скопје-Брисел, најдоцна до 15.10.2022 година.

29. Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, во соработка со Секретаријатот за европски прашања и

Министерството за финансии до Владата да достават предлог за објект во кој ќе се смести Секретаријатот за европски прашања, најдоцна до 15.10.2022 година.

30. Се задолжуваат органите на државната управа во своите буџети за 2023 година да предвидат средства за учество на нивните претставници во скринингот-објаснувачки и билатерален, а Министерството за финансии да ги прифати тие предлози.

31. Се задолжуваат Министерството за правда, Министерството за внатрешни работи, Министерството за финансии, Министерството за економија, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за финансии-Царинската управа и Агенцијата за храна и ветеринарство, да предвидат во нивните буџети за 2023 година средства за упатување на по еден претставник во Постојаната мисија на Република Северна Македонија при Европската Унија во Брисел, а Секретаријатот за европски прашања дополнително упатување на уште три претставници.

32. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација, во соработка со Министерството за финансии и Секретаријатот за европски прашања да го идентификува недостигот на ИТ кадар во институциите и да предложат соодветно решение во насока на надминување на проблемот, најдоцна до 30.10.2022 година.

33. Се задолжува Секретаријатот за законодавство, во соработка со Министерството за финансии и Секретаријатот за европски прашања, да подготват План за јакнење на капацитетите на Секретаријатот за законодавство кој ќе одговори на процесот на забрзано усогласување на националното законодавство со европското, најдоцна до 15.11.2022 година.

34. Се задолжува Министерството за надворешни работи во соработка со Секретаријатот за европски прашања најдоцна до 30.9.2022 година да формира работна група која ќе подготви Предлог на закон за водење на пристапните преговори на Република Северна Македонија за членство во Европската Унија и истиот да го достави до Владата на Република Северна Македонија до крајот на октомври 2022 година.

**<u>Точка 2</u>**

По оваа точка немаше предлози.

**<u>Точка 3</u>**

По оваа точка немаше прашања ниту предлози.

*

*   *

На седницата се водени стенографски белешки.
Седницата заврши во 11:50 часот.

| ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА | ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА |
|---|---|
| **м-р Методија Димовски** | **д-р Димитар Ковачевски** |